СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

5

# АЛЕКСАНДАР ТРАЈАНОВСКИ

за Аеродром



**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!



**Драги пријатели,**

Да се биде градоначалник на Аеродром претставува голема одговорност и сериозен предизвик. Честа да ја водам изборната битка за да служам како иден градоначалник на најголемата општина во Скопје е само почеток на нашето заедничко патување. Тежок е патот што води до целта - Аеродром, функционална општина во која сите еднакво удобно и квалитетно ќе живееме. На тој пат само заедно можеме да успееме, затоа што знаеме, можеме и заслужуваме многу подобро!

Крајно време е да ја подобриме животната средина, да создадеме услови за здрава, чиста и зелена општина, безбедна за растење и спокојна за пензионирање. Конечно мораме да им ставиме крај на хаосот, на безидејноста и на самоволието, кои досега беа одлика на локалните политики. Истовремено тоа ќе биде почеток на создавање целосно нов локален систем што може и мора да функционира беспрекорно, дури и во тешките времиња во кои живееме.

Пред вас е изборната програма за еден нов, убав и хуман Аеродром. Ја подготвивме со вас, одредувајќи ги заедно клучните приоритети, во соработка со врвни експерти од различни области на локалната самоуправа. Покрај мојата визија за развој на општината, програмата ги содржи и најважните чекори на идната општинска администрација, како и многубројни политики што планираме да ги реализираме во првите 4 години. Нашата соработка што започна со создавањето на оваа програма ќе прерасне во партнерство за трајни вредности. Аеродром е нашиот заеднички дом, а вашиот глас е сигурна инвестиција во подобар живот за сите генерации!

Искрено ваш,

**д-р Александар Трајановски**

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**



# Советничка листа на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и коалицијата за општина АЕРОДРОМ

Почитувани сограѓани, ист воздух дишеме, по истите улици чекориме, со исти проблеми се соочуваме. Ние не сме само ваши соседи. Ние сме вашиот глас во Советот на Општина Аеродром.
Ја бараме вашата доверба за заедно да изградиме општина по мерка на граѓаните - чиста, безбедна и достоинствена за живеење. Ни треба вашиот глас за да ја претвориме надежта во дела, а грижата за секојдневието во конкретни решенија.
Ајде заедно да го оствариме нашиот сон: Аеродром - топол, сигурен и пристоен дом за сите!

1. **Милутин Ристески, роден 1984 година, политиколог, СДСМ**
2. Марина Кусакатска, родена 1964 година, правен техничар, СДСМ
3. Марјан Јовановски, роден 1981 година, професор по физичко образование, СДСМ
4. Даниел Самарџиски, роден 1978 година, професор по историја, ВМРО-НП
5. Марко Данилоски, роден 1989 година, политиколог, СДСМ
6. Драгослава Војницалиевска-Ингилизовска, родена 1980 година, педагог, СДСМ
7. Ненад Рашовиќ, роден 1980 година, економист, СДСМ
8. Бојан Василевски, роден 1980 година, правник, СДСМ
9. Ана Вељаноска, родена 1981 година, професорка по македонски јазик, СДСМ
10. Тања Милков, родена 2001 година, студент на правни науки, СДСМ
11. Стојан Лазарески, роден 1959 година, пензионер, СДСМ
12. Виктор Ѓошев, роден 2001 година, студент на политички науки, СДСМ
13. Трене Дамјановски, роден 1973 година, доктор по општа медицина, СДСМ
14. Ица Николова, родена 1958 година, пензионерка, СДСМ
15. Сашо Унчевски, роден 1990 година, професор по стоматологија, СДСМ
16. Светлана Ефремовска, родена 1957 година, пензионерка, СДСМ
17. Емил Јанев, роден 1974 година, градежен инженер, ВМРО-НП
18. Елена Михајловска, родена 1987 година, политиколог, СДСМ
19. Гордана Георгиевска, родена 1953 година, пензионерка, СДСМ
20. Велика Николиќ, родена 1951 година, пензионер, СДСМ
21. Оливер Милевски, роден 1970 година, електротехничар, СДСМ
22. Никола Ѓорѓиев, роден 2006 година, студент на политички науки, СДСМ
23. Бојана Бојкова, родена 1999 година, педагог, СДСМ
24. Штерјо Пушевски, роден 1953 година, пензионер, СДСМ
25. Мила Младеновска, родена 2002 година, студентка по информатика, СДСМ
26. Теодора Филипоска, родена 2006 година, студентка по финансии, СДСМ
27. Александар Саид, роден 1984 година, политиколог, СДСМ

# КАКВА Е СОСТОЈБАТА?!

Нашата држава се наоѓа на сериозна пресвртница. Премногу долго се потиснуваат реалните проблеми зад статистички извештаи и политички декларации. Вистината не може да се крие во розови интерпретации на податоци од разни табели – таа се слуша од гласот на граѓаните, од нивните секојдневни борби, стравови и стремежи.

Ние нема да ги игнорираме тие гласови. Ние ги слушаме, ги разбираме и дејствуваме. Нашата програма нема да се темели врз празни ветувања, туку врз соочување со реалноста, со изгубената надеж од предолгата транзиција на општеството, закочените европски интеграции и сѐ поизразената злоупотреба на власта.

Подолу ги претставуваме клучните предизвици со кои се соочуваме како општество. Време е да се соочиме со нив, без страв и без одлагање.

- **Значајно е намалена безбедноста на граѓаните**
- Здравствени ризици од енормно загадување
- Сообраќајна небезбедност
- Инфраструктурни недостатоци
- Кучиња скитници





## Институционална нефункционалност

- Партизација и слаб институционален капацитет
- Нехумано урбанистичко планирање
- Лошо одржување на инфраструктурата
- Еколошка деградација

## Корупцијата во јавните услуги

- Клиентелизам и непрофесионална јавна администрација
- Узурпации и непланско градење
- Неконтролирана експлоатација на ресурси
- Одолговлекување на постапки, наместо дигитализација

## Економска несигурност и масовно иселување

- Висока инфлација која ги топи платите
- Недоверба во системот
- Несоодветни јавни политики
- Бесперспективност







# НАШИОТ ПРИСТАП

Свесни за состојбите, за разочараноста на граѓаните и за политичката апатија што владее во општеството, храбро ја преземаме одговорноста да бидеме политички медиум преку кој граѓаните ќе можат да го направат посакуваниот целосен рестарт на системот.

Нашиот пристап се базира врз четири клучни столба околу кои би гравитирале сите стратегии, политики и проекти на СДСМ на претстојните локални избори и во време на мандатите на нашите градоначалници и членови на совети, кои ќе имаат реално позитивно влијание врз локалното население.

Ова не е само политичка платформа. Ова е повик за обнова на довербата, на системот, на иднината.



- **Младите во фокусот – Нова парадигма за здрав и одржлив развој**

- Градиме здрави и демократски свесни индивидуи
- Да бидеме поле за здрав и одржлив развој наместо расадник за светот
- Младите се нашата иднина и надеж – лесно достапно домување



## Чиста и здрава животна средина

- Беспрекорна комунална хигиена
- Чист воздух преку справување со изворите на загадувањето
- Расчистување на дивите депонии



## Функционален и безбеден јавен простор

- Хуман урбанизам – резиденцијални и културни/социјални хабови
- Сообраќајна безбедност
- Модерен и лесно достапен јавен превоз
- Зголемена мобилност



## Општини по мерка на граѓаните

- Отворени општини за граѓаните
- Да се слушне гласот на граѓаните
- Отчетни општини – нулта корупција
- Услужни и ефикасни општини



СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

# ШТО НАПРАВИВМЕ НИЕ:

- Ново училиште Димитар Македонски во населба Лисиче. Доградба на ООУ Лазо Ангеловски со 4 нови училници. Изградено инклузивно игралиште во ООУ Љубен Лапе и сензорни соби во училиштата Блаже Конески и Ѓорѓија Пулевски.
- Изградба на 2 градинки: нов објект на градинката Буба Мара во Ново Лисиче и нов објект Црвенкапа на градинката Срничка.
- Реконструкција на платото зад ТЦ Бисер.
- Проект за енергетска ефикасност - поставување фотоволтаици на зградите на училиштата. ООУ Лазо Ангеловски доби целосно реконструиран покрив, реконструирани подови и 30 нови врати. Реконструирани подовите на училиштата Љубен Лапе и Блаже Конески, ООУ Ѓорѓија Пулевски доби лифт, реновирани ходникот и тоалетите во ООУ Гоце Делчев.
- Изградени булевар АСНОМ, мост Михајло Апостолски и улиците Новопроектирана 8, Новопроектирана 3, краци на ул. Пандил Шишков, кружен тек кај ул. Коста Новаковиќ и други. Започнува изградбата на дел од бул. Васко Карангелески.
- Реконструирани булеварите Видое Смилевски-Бато, Февруарски поход, Васко Карангелески, улиците Владимир Комаров, Тодор Чангов 20, Тодор Чангов 49, Ѓорѓи Капчев 9, улица 4 во Долно Лисиче, улица 3 на бул. Трета македонска бригада, пристапната улица кај ООУ Љубен Лапе и повеќе улици-краци во Горно Лисиче и Мичурин. Вкупна должина од над 10 километри.
- Реконструиран и проширен регионалниот пат Драчево - Јурумлери низ Долно Лисиче.

- Изградени 2 нови паркиралишта во Ново Лисиче, проширено паркиралиштето на 3 локации до бул. В.С. Бато, реконструирано паркиралиште по должината на бул. Јане Сандански, почнувајќи од ООУ Ѓорѓија Пулевски, па сè до крстосницата со булевар Србија – 36.000 $м^2$, паркиралишта во близина на градинката Бамби и ООУ Љубен Лапе.
- ТЦ Лисиче доби ново ЛЕД-осветлување и ново јавното осветлување во населба Лисиче.
- Нови и реконструирани паркови во Мичурин, на ул. Трета македонска бригада, на ул. Бојмија, на ул. Р. Чајавец, на ул. Пандил Шишков, скверови на крстосницата на бул. Ј. Сандански со ул. В. Комаров и други.
- Обновени и нови спортски и детски игралишта обложени со гумена подлога, нови чешми за пиење вода на 30 локации.
- Нови паркови за миленици: 2 во должина на бул. Србија еден зад ОУ Љубен Лапе и еден во Реонски центар.
- Еднократна парична помош за секое прваче 3.500 ден. Зголемена еднократна парична помош за новороденче од 5.000 на 8.000 ден. Проект интегрирано пливање за деца со попреченост од 1. до 3. одделение. Отворен Центар за кариерен развој.
- Реконструирана водоводна и канализациска мрежа на краците од 1 до 10 во Долно Лисиче и на ул. Пандил Шишков.

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

# А ШТО (НЕ) НАПРАВИЈА ТИЕ?!

- Ниту една од ветените 4 нови градинки во Мичурин, Острово, Лисиче и Долно Лисиче не  е изградена.
- Условите за настава во основните училишта се катастрофални, родителите сè уште собираат средства за течен сапун, влажни марамчиња, тонери, хартија и слично.
- Нови 100.000 квадратни метри зеленило во Аеродром не се подигнати.
- Паркот Радост на 6.000 квадратни метри во Реонски центар, кој требаше да биде готов пред 2 години, сè уште не е завршен.
- Општината никогаш не била позапуштена: неискосени и пожолтени тревници, сообраќаен хаос, руинирана урбана опрема, преполни канти и контејнери, диви депонии на секој чекор...





- Не се изградени ветените: нова гимназија, нова општинска зграда, 3.000 нови паркинг-места, велопатеки на сите улици, 6 нови кружни тека, нов мултифункционален центар со простории за младински центар, нов спортски центар „Пирин“ во населба Лисиче, Музеј на МЗТ, киносала и театарска сцена во Ново Лисиче.
- Не е формиран ветениот енергетски фонд за реконструкција на фасадите на зградите.
- Еднократната помош за новороденче не е зголемена од 8.000 на 20.000 денари.
- Општина Аеродром нема стратегијата за млади, нема стипендии за млади таленти во износ од 30.000 денари, спортски субвенции за млади во износ од 600 денари.
- До крајот на 2022 година требаше да бидат завршени сите постапки за легализација, а не се завршени ни половина.

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# МОЈАТА ВИЗИЈА



- **Зошто се кандидирате? Што е мотивот?**

Животот го посветив на здравјето на луѓето, а здравата животна средина е еден од клучните предуслови за здрав живот. Кандидатурата за градоначалник на најперспективната скопска општина е само логично продолжение на мојата професија, која секојдневно бара брзи одлуки, управување со ресурси и емпатија кон човекот пред тебе.

- **Колку е важно да се има визија за општината, за нејзино подобро функционирање и за нејзин развој. Дали во тој контекст е потребно да се има и визија за општеството во целина?**

Има една позната поговорка, која вели „Визијата без акција е само сон, а акцијата без визија е ноќна мора". Сите големи достигнувања и во општеството и во животот генерално започнуваат со визија.

Аеродром има огромен потенцијал за развој што недоволно се користи, што ја претвори општината во „спалната соба на Скопје". Ова мора да го промениме. Аеродром мора да биде главната градска движечка сила во сите сфери, како што се бизнисот, спортот, образованието и културата.

- **Што е тоа што сметате дека мора да се направи во следниот мандат и натаму? Нешто што ќе направи промена. Дали е доволно да се понудат само инфраструктурни проекти?**

Во последните 20 години во Аеродром се изградени над 100 станбени згради на површина од околу 3 $km^2$. Денешниот проблем со недости г на места во градинките и училиштата, недостиг на паркинг-простор, зелени површини, проблеми со водоснабдувањето е само реална последица на лошото планирање и управување со парите, во полза на бизнис-интересите. Ова мора да се промени. Општините се на граѓаните, заради нив постојат. Недозволиво е во толкава општина да нема ниту еден објект на културата, ниту една гимназија, ниту еден деловен центар, во крајна линија, недозволиво е општината да нема сопствен објект за општинската администрација и да плаќа скапи кирии на приватни компании.

- **Колку се важни младите за нашата општина?**

Во природата на младите луѓе е поривот за брз прогрес и квалитетен живот. Со својата енергија, флексибилност и отвореност кон современите технологии тие се двигатели на развојот на локалните економии на секој поголем град. Градоначалниците често влегуваат во заблуда дека мали инвестиции во спортот, образованието и ноќниот живот се доволни за да ги задржат младите во своите општини. Потребно е да се погледне малку пошироко на работите. Вложувањето во програми за поддршка на локални млади претприемачи, превентивната здравствена заштита кај младите, создавањето услови за поголема мобилност и дигитализацијата на јавните услуги, на пример, можат сериозно да придонесат една општина да стане многу поатрактивна средина за младите луѓе.

- **Како гледате на општата безбедност на граѓаните? Кои се проблемите и како може да се решаваат?**

Почнувајќи од безбедноста на улиците, преку безбедноста во училиштата, па сè до безбедноста во ноќните клубови, нашите сограѓани имаат безброј причини да се чувствуваат небезбедно. Зголемувањето на бројот на сообраќајни несреќи, кражби, пожари, трговијата со наркотици се сериозен аларм дека е потребно да се дејствува брзо и одлучно. Преку инвестирањето во безбедни улици, велосипедски патеки, тротоари,

противпожарни служби, кампањите за подигнување на јавната свест и ред други активности општините би можеле да бидат значаен фактор во подобрувањето на безбедноста на граѓаните.

- **Дали доброто планирање на просторот и мобилноста се клуч за забрзан развој, но и за поквалитетно живеење? Што сметате дека е неопходно да се преземе во следниот период?**

Бетонизацијата на Аеродром мора да запре што поскоро. Крајно неодговорно е во 21 век да се градат станбени и деловни објекти без да се испланираат нови градинки, училишта, улици со доволно широки тротоари и велопатеки, паркови, спортски и детски игралишта. Трагично е што особено во изминатите 20 години Аеродром беше жртва на едно вакво крајно нехумано планирање на просторот. Последиците ги чувствуваме секој ден и мислам дека не постои човек што нема да се согласи со ова.

- **Особено во зимските месеци македонските градови се меѓу најзагадените во светот. Во многу места имаме проблем со диви депонии, а граѓаните имаат сериозни забелешки за јавната чистота дури и во најурбаните места. Осудени ли сме сите ние да живееме во ѓубре и отровен воздух?**

Потребна е брза и заедничка акција на сите државни институции. Управувањето со отпадот и одржувањето на јавната хигиена станува серозен проблем. Неконтролираното аерозагадување станува директна закана за здравјето и животот на луѓето. Зајакнувањето на инспекциските служби, капацитетите на јавните комунални претпријатија, воведувањето комунална полиција со широки овластувања се само дел од решенијата што мораме итно да ги спроведеме со заеднички сили.

- **Довербата на граѓаните во системот е на многу ниско ниво, а општата перцепција на јавноста е дека корупцијата цвета во нашата држава. Дали може да ја повратиме таа доверба? Дали подобрувањето на општинските услуги, зголемувањето на транспарентноста и отвореноста на општината кон граѓаните може да даде нова надеж?**

Дигитализацијата на јавните услуги, вклучувањето на граѓаните непосредно во креирањето на програмите за работа, интензивната соработка со невладиниот сектор, заживувањето на урбаните заедници се чекорите што водат кон целосно искоренување на корупцијата и бирократските бариери со кои како граѓани секојдневно се среќаваме.

- **Иселувањето е еден од најголемите проблеми, а следствено и наталитетот е во драстично опаѓање. Имаме ли иднина без луѓе? Како да ги задржиме луѓето во**



**своите места да продолжат да живеат со перспектива за себе и за своите деца?**

Вложувањето во здрава животна средина, социјална заштита што ќе овозможи достоинствен живот, квалитетно образование, подобри услови за спорт, богати културни содржини, растечка локална економија и сето тоа придружено со соодветна инфраструктура.

- **Зошто граѓаните да гласаат за вас? Што е тоа по што сте различни од другите за да ви ја дадат токму вам довербата?**

Добра визија, силна енергија и одличен тим. Прочитајте ја програмата до крај. Има реални ветувања, а не список на желби. Тоа се клучните разлики. Аеродром може и мора подобро од ова.

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

- **Младите во фокусот - иднината почнува денес**

Креирање фонд за млади, формирање локален младински совет, изработка на младинска стратегија и акциски план за млади. Финансиска поддршка на млади претприемачи и младински организации со седиште во општината. Финансиска поддршка и промоција на младите таленти, услуги за кариерен развој, доквалификации и преквалификации во соработка со едукативни центри и институции. Модернизација на просторот и целосна дигитализација на училиштата преку целосно опремување со современи едукативни, нагледни и наставни средства. Редовни и современи превентивни здравствени прегледи за млади. Многубројни културни и спортски настани од интерес на младите.





- **Чиста и здрава животна средина**

Реорганизација и зајакнување на комуналните и на инспекциските служби. Воведување комунална полиција со широки овластувања. Редовно одржување на јавната хигиена во секое маало, проширување и обнова на зелените површини. Нова урбана опрема (клупи и канти за ѓебен отпад на секои 150 метри). Планско градење согласно со принципите на хуманото живеење. Изградба на нови спортски игралишта и спортски зони. Континуирана инспекција и мониторинг на работата на сите регистрирани или потенцијални загадувачи, како и подигнување на еколошката свест кај граѓаните. Субвенции за алтернативни еколошки системи за загревање на домовите. Бесплатни амбулантни прегледи во секоја месна заедница, мобилни ортопедски тимови за возрасните. Воспоставување локален здравствен совет и локални тимови за прва помош во координација со службата за итна медицинска помош.

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

- **Функционален и безбеден јавен простор**

Уредување на јавниот простор согласно со потребите на граѓаните. Нови и безбедни детски игралишта. Сензорни игралишта, адаптирање на рабниците на тротоарите и изградба на тактилни патеки. Целосно решавање на проблемот со кучињата скитници во соработка со сите надлежни институции на локалната и на централната власт. Отворање на т.н. „урбани лаборатории“, со кои младите ќе можат да ги редизајнираат јавните површини. Нови велосипедски патеки, воведување брз и функционален јавен превоз, како и паметни паркиралишта за одржлива урбана мобилност. Паметно осветлување на сите јавни површини. Редовна контрола на противпожарните системи во станбените згради и изградба на нова противпожарна станица на територијата на Аеродром, во соработка со надлежните институции.





## Општини по мерка на граѓаните

Јавен увид во трошењето на народните пари. Отворен ден со градоначалникот и со членовите на Советот, расправи за прашања од јавен интерес, непосредна вклученост на граѓаните во работата на локалната самоуправа со дигитални алатки за давање предлози, сугестии, пријавување проблеми и добивање одговор на поставени прашања. Дигитализација на сите услуги што ги нуди општината со поедноставување на сложените бирократски процедури и кратење на времето на чекање потребно за одлучување и за решавање по барањата на граѓаните, како и целосно искоренување и нула толеранција за корупцијата во локалната самоуправа.

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## ▪ Две нови детски градинки (во Мичурин и Ново Лисиче)

Нашите сограѓани од Аеродром повеќе од една деценија се соочуваат со недостиг на слободни места во детските градинки. Општината е пренаселена, а сегашниот капацитет на градинките не е доволен за да ги опфати сите деца. Често се случува една група со еден воспитувач да брои и повеќе од 25 деца, што е надвор од сите стандарди за работа на детските градинки. Ние планираме изградба на нова детска градинка во населбата Мичурин со капацитет од 300 деца. Изградба на нова детска градинка во Ново Лисиче со капацитет од 150 до 250 деца. Двата објекта комплетно ќе бидат изградени според највисоки стандарди, со енергетски ефикасни  објекти, целосно пристапни за лица со попреченост.



**Влијание на проектот:**

Со овој проект отвораме нови повеќе од 450 места во детските градинки, со што долгорочно го решаваме недостигот на слободни места во детските градинки.

**Целна група:**

Родители на деца од предучилишна возраст

**Рок на реализација**

2027-2029 година

**Буџет**

Средства на Општина Аеродром, Владата на РСМ, меѓународни фондови



## Нова општинска зграда со мултимедијален центар за млади

Аеродром е можеби единствената општина во државата што нема сопствен објект за општинската администрација и плаќа скапи кирии за објектот во кој функционира. Наша цел е со изградбата на новата општинска зграда, Аеродром конечно да добие репрезентативен повеќенаменски и енергетски ефикасен објект, каде што на едно место граѓаните ќе можат да ги добијат сите услуги и од општината и од подрачните единици на државните институции.

Во објектот е предвидено да има мултимедијален центар, повеќе наменски сали, како и сала за венчавки. На просторот пред општинската зграда е предвиден парк и мултифункционален плоштад.

**Влијание на проектот:**

Со изградбата на новата општинска зграда годишно се заштедуваат над 120.000 евра, средства што ќе се пренаменат во проекти за поддршка на младите.

**Целна група:**

Сите граѓани на Општина Аеродром

**Рок на реализација**

2026-2027 година

**Буџет**

Средства на Општина Аеродром и меѓународни фондови

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## ■ Мултифункционален културен центар

Изградба на мултифункционален културен центар во чии рамки се предвидени киносала, театарска сцена, повеќенаменска сала за обуки и работилници, библиотека и читалница, простор за изложби, едукативни катчиња за афирмација на детско културно творештво. Културниот центар во својата програма за работа ќе понуди содржини од сите културни изрази: литература, театар, филм, музика, фолклор, ликовно творештво, реализирање научни трибини, предавања, дебатни клубови, семинари, работилници. Општина Аеродром како најголема општина во Скопје по бројот на жители нема ниту еден објект од културата и токму изградбата на ваков објект е повеќе од потребна.

**Влијание на проектот:**
Културниот центар ќе ја збогати културната понуда за сите жители на Аеродром, на цело Скопје и регионот.

**Целна група:**
Сите жители на Скопје

**Рок на реализација**
2028-2029 година

**Буџет**
Средства на Општина Аеродром и меѓународни фондови





# Нов затворен базен

Изградба на затворен базен преку јавно-приватно партнерство што ќе може да се користи во текот на целата година. Отворањето на овој базен ќе создаде услови за организирање бесплатни часови по пливање за учениците од прво до четврто одделение. Дополнително општината ќе обезбеди и финансиска поддршка за училиштата за спортско пливање и ватерполо.

**Влијание на проектот:**
Создавање услови за часови по пливање во текот на целата година и развој на спортско пливање и ватерполо.

**Целна група:**
Сите жители на Општина Аеродром и Град Скопје

**Рок на реализација**
2029 година

**Буџет**
Средства на Општина Аеродром и јавно-приватно партнерство

СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

# ПРОЕКТИ

## Чиста и зелена општина

Зголемување на бројот на ангажирани сезонски работници преку зголемување на нивниот месечен надоместок и нови заштитни униформи и нова опрема за одржување на јавното зеленило и јавните пешачки површини. Следува целосна обнова на системите за наводнување на сите јавни површни и поставување нови. Редовно поставување контејнери за собирање кабаст отпад распоредени на повеќе места низ општината. Редовно миење на улиците во најгусто населените делови на општината.

**Влијание на проектот:**
Подобрувањето на хигиената на јавните површини и одржувањето на јавното зеленило водат кон создавање здрава животна средина.

**Целна група:**
Сите граѓани

**Рок на реализација**
2027 година

**Буџет**
Општина Аеродром

## Нови паркиралишта и реорганизација на паркирањето

Решение на недостигот на паркинг-простор во урбаниот дел на Аеродром преку изградба на нови и реорганизација на постојните паркиралишта согласно со принципите на одржлива урбана мобилност. Стимулирање на користење јавен превоз, велосипеди и пешачење за сметка на автомобилскиот превоз.

**Влијание на проектот:**
Намалување на потребата од прекумерно користење автомобилски превоз преку целосна реорганизација на паркирањето во општината

**Целна група:**
Сите жители на Општина Аеродром

**Рок на реализација**
2028 година

**Буџет**
Општина Аеродром и меѓународни фондови





# Крај на сообраќајниот хаос

Сообраќајното поврзување на Општина Аеродром со соседните општини е од приоритетно значење. Отвориме нови коридори во соработка со Град Скопје преку пуштање во употреба на мостот Михаило Апостолски, довршување на булеварот АСНОМ, со што ќе се реши

сообраќајниот метеж по булеварите Јане Сандански и Србија. Нова сообраќајница за поврзување на Аеродром со Кисела Вода на потегот од фабриката Раде Кончар - населба 11 Октомври. Поставување семафори на сите сообраќајници каде што има

премини за училиште. Нови велопатеки. Реконструкција и воведување „зона 30" на сите сервисни улици во општината. Нула толеранција за паркирање по тротоарите и пешачките патеки.

**Влијание на проектот:**

Зголемување на степенот на одржливост на мобилноста во густо населените урбани средини.

**Целна група:**

Сите жители на Општина Аеродром

**Рок на реализација**

2029 година

**Буџет**

Општина Аеродром, Град Скопје и меѓународни фондови

# ПРОЕКТИ

## Ново средно училиште/гимназија

Според последниот попис на населението, Општина Аеродром брои повеќе од 77.000 жители, во најголем број млада популација. Во општината веќе постојат три средни стручни училишта, но ниту една гимназија. Ова барање низ годините е често нотирано од страна на граѓаните. Изградбата на гимназија Кузман Јосифовски - Питу со можност за ИТ и општа насока мора да биде приоритетен капитален проект во следниот мандат.

**Влијание на проектот:**
Подобрување на условите за гимназиско образование на територијата на општината

**Целна група:**
Ученици во средно образование од Општина Аеродром и Град Скопје

**Рок на реализација**
2029 година

**Буџет**
Општина Аеродром, Град Скопје и Владата

## Покриен зелен пазар

Предвидуваме во заедничка соработка преку јавно-приватно партнерство да овозможиме услови за инвестиции во изградба на голем затворен зелен пазар во Општина Аеродром. Овој проект има цел да им овозможи на граѓаните, но и на самите земјоделци и трговци подобри услови за пазарење и продажба на своите производи. Објектот ќе биде изграден според сите стандарди за квалитет и безбедност во трговијата со храна.

**Влијание на проектот:**
Создавање услови за безбедно чување и продажба на храната во текот на целата година, како и фер можност за користење на тезгите и отстранување на дивите пазари.

**Целна група:**
Трговци со градинарски производи и сите жители на Општина Аеродром

**Рок на реализација**
2028 година

**Буџет**
Општина Аеродром и јавно-приватно партнерство





# Здравјето, пред сè

Превентивната здравствена заштита можеме да ја подигнеме на повисоко ниво и да ја направиме достапна за сите. Во таа насока се предвидени редовни превентивни здравствени прегледи во училиштата, покрај задолжителните систематски прегледи, како и бесплатни пакети со производи за менструална хигиена. Бесплатни волонтерски амбулантни прегледи во секоја месна заедница, како и формирање мобилни ортопедски тимови за возрасните. Воспоставување локален здравствен совет и локални тимови за прва помош во координација со службата за итна медицинска помош.

**Влијание на проектот:**

Подигнување на свеста за превентивното здравје и локална поддршка на јавното здравство.

**Целна група:**

Сите жители на Општина Аеродром

**Рок на реализација**

2026 година

**Буџет**

Општина Аеродром

## Отворање пензионерски клубови

Во повеќе урбани заедници отворање пензионерски клубови, опремени со технички услови за одржување средби, работилници, како и забавни игри, шах, табла и слично. Финансиска поддршка на пензионерските здруженија во реализација на нивните активности до 500 000 денари. Дополнително предвидуваме и по 2 500 денари годишна поддршка на пензионерите со ниски пензии.

**Влијание на проектот:**
Подобрување на условите за дружба на пензионерите и безгрижни пензионерски денови.

**Целна група:**
Пензионери

**Рок на реализација**
2027 година

**Буџет**
Општина Аеродром

## Поддршка на млади претприемачи

Формирање посебна програма што ќе нуди финансиска поддршка на млади лица до 29

години што сакаат да започнат сопствен бизнис. Грантови за стартапи до 4 000 евра по апликација. Обуки за претприемаштво, дигитален маркетинг и бизнис-планирање. Консултантски услуги за пристап до национални или европски фондови.

**Влијание на проектот:**
Целта на оваа мерка е да се намали невработеноста кај младите и да се зголеми бројот на активни млади претприемачи

**Целна група:**
Млади до 29 години

**Рок на реализација**
2026 година

**Буџет**
Општина Аеродром





## Жените како двигател на промените

Кампања за подигнување на свеста кај жената дека таа може да биде носител на

важни јавни функции, со што се зголемува нејзиното влијание во јавното живеење, преку зајакнување на соработката со невладините организации што ја третираат оваа проблематика. Преземање активни мерки за намалување на невработеноста кај жените, создавање услови за развој на женско претприемаштво, помош при ресоцијализација на жените жртви на семејно насилство.

### Влијание на проектот:

Унапредување на родовата еднаквост и воведување родово сензитивно буџетирање

### Целна група:

Жени

### Рок на реализација

2026 година

### Буџет

Општина Аеродром

## СМАРТ-осветлување во сите паркови и дворови на градинките и училиштата

Старото јавно осветлување го заменуваме со ново СМАРТ економично јавно осветлување, со цел да добиеме модерен систем за јавно осветлување што ќе креира заштеда на средства. На почетокот овој проект ќе се имплементира во јавните паркови, дворовите на сите детски градинки и основни училишта низ општината. Потоа ќе продолжи и кон замена на јавното осветлување и на сите улици и паркинзи во општината.

### Влијание на проектот:

Енергетска ефикасност и заштеда на финансиски средства

### Целна група:

Сите жители на Општина Аеродром

### Рок на реализација

2027 година

### Буџет

Општина Аеродром и меѓународни фондови

# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

## УЗ Мичурин

1. Нова детска градинка
2. Уредување на просторот меѓу пајак-службата под Железничка и паркиралиштето
3. Целосна реконструкција и нов сообраќаен режим на ул. Симеон Кавракиров
4. Решение за хаосот со паркинг-простор – катна гаража
5. Целосно уредување на просторот околу ООУ Блаже Конески

## УЗ Стар Аеродром

1. Уредување на зелениот простор и игралиштето меѓу трите воени кули на ул. Руди Чајавец, како и нови чешми, клупи и канти за отпадоци во постојните паркови
2. Ново паркиралиште за зградите на ул. Владимир Комаров бр. 36 и 38, како и решение за паркингот на бул. Јане Сандански бр. 10 и 12
3. Зачестено присуство на пајак-службата, како и нова побезбедна сообраќајна сигнализација на сите улици
4. Еднонасочен режим на сообраќај на ул. Руди Чајавец, како и редовно миење на улиците
5. Реконструкција на ул. Фрањо Клуз со краци

## УЗ Острово

1. Сообраќајно решение со соодветна сигнализација пред ООУ Браќа Миладиновци
2. Детско игралиште кај кулите на ул. Владимир Комаров
3. Редовно одржување на зеленилото и урбаната опрема
4. Решение за уредување на паркинг-просторот зад ТЦ Скопјанка
5. Редовно миење на улиците

## УЗ Бисер

1. Уредување на просторот зад ТЦ Бисер – реновирање и одржување
2. Доградба, надградба или адаптација на нови училници во ООУ Љубен Лапе
3. Редовно одржување на плочниците меѓу зградите
4. Субвенции за промена на азбестни покриви и реконструкција на фасадите на зградите
5. Реконструкција на паркинг-просторот од ул. Васко Карангелески до бул. Србија

## УЗ Јане Сандански

1. Редовно одржување на плочниците меѓу зградите
2. Проширување на паркинг-просторот по должината на бул. АСНОМ
3. Поголем број чешми за вода и канти за отпадоци

4 Редовно одржување на детските и спортски игралишта

5 Субвенции за промена на азбестни покриви и реконструкција на фасадите на зградите

## УЗ Ново Лисиче

1 Изградба на мултифункционален културен центар

2 Нови парковски површини и редовно одржување на постојните

3 Реконструкција на плочниците и поголем број чешми и канти за отпадоци

4 Субвенции за промена на азбестни покриви и реконструкција на фасадите на зградите

5 Решавање на проблемот со паркирањето преку изградба на нови и проширување на постојните паркиралишта

## УЗ Населба Лисиче

1 Ревизија на ДУП-от што не е во согласност со хуманото живеење и бришење на висококатниците

2 Целосна реконструкција на објект Пчелка 1 – градинка Буба Мара

3 Хортикултурно уредување на неискористениот простор

4 Поголема грижа за зеленилото, урбаната опрема, хигиената и безбедноста на граѓаните

5 Субвенции за еколошки системи за затоплување на домовите

## УЗ Горно Лисиче (Горно Лисиче, Тодор Чангов, Ѓорѓи Капчев)

1 Нов ДУП за ул. Тодор Чангов

2 Реконструкција на споредни улици

3 Атмосферска канализација (ул. Тодор Чангов и Ѓорѓи Капчев)

4 Реновирање и реконструкција на детски реквизити во ООУ Гоце Делчев

5 Решение за проблемот со депониите - комунална полиција

## МЗ Долно Лисиче

1 Велосипедска патека, проширување и осветлување на патот Горно — Долно Лисиче

2 Редовно празнење на контејнери и куќни канти за отпадоци

3 Поставување чешми за вода и канти за отпадоци

4 Реконструкција на споредни улици

5 Чистење на шутот и дивите депонии околу црквата и кај мостот на реката Вардар

СДСМ
и коалицијата

„КРАЈНО ВРЕМЕ Е ДА ЈА ПОДОБРИМЕ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ДА СОЗДАДЕМЕ УСЛОВИ ЗА ЗДРАВА, ЧИСТА И ЗЕЛЕНА ОПШТИНА, БЕЗБЕДНА ЗА РАСТЕЊЕ И СПОКОЈНА ЗА ПЕНЗИОНИРАЊЕ.“



# СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА